Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 61/04, бр. 96/04, бр. 67/07, бр. 156/09, бр. 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ" 244/19, 82/20, 53/21, 77/21, 150/21 ,173/22 и 170/24), член 31 од Законот за буџетите („Сл.весник на РМ" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на РСМ" бр.151/21), член 93 став 2 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21,99/22, 208/24 и 210/24), одредбите од Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби во Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно- поправните установи, Државното правобранителство, општините, градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Сл.весник на РСМ'' бр.51/20 и 172/21), одредбите од Колективниот договор склучен помеѓу Синдикатот на УПОЗ, Синдикалната организација на Синдикатот на УПОЗ во Општина Делчево и Општина Делчево со бр. 08-2666/1 од 21.12.2022 година, Општиот колективен договор („Сл.весник на РСМ" бр. 154 од 20.07.2023 год.) и член 130 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и/2021), Советот на Општина Делчево на 45 Редовна седница одржана на ден 14.03.2025 година, донесе

**Одлука**

**за изменување и дополнување на Одлуката за**

**извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година бр. 09-2065/1 од 30.12.2024 година („Службен гласник на Општина Делчево" бр.1/2025), членот 9 се менува и гласи:

Исплатата на платата за избрани и именувани лица ќе се врши согласно со одредбите утврдени во Законот за исплата на плати и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија.

- коефициент за утврдување на плата на избраните и именуваните лица - Градоначалник се определува според бројот на жителите во општината и изнесува 2,23, а основицата на која се пресметува е утврдена согласно со Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Северна Македонија („Службен весник на РМ" бр.36/90, 44/90, 11/91, 38/91,23/97, 37/05, 84/05,110/07, 121/07, 161/08, 92/09, 139/09, 153/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/18 и 233/18 и „Службен весник на РСМ" бр.65/23 и 272/24).

- за вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на бруто- платите се утврдува со Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници која ја донесува Советот.

- на вработените во ТППЕ, како и на вработените по Законот за работни односи ќе им се исплаќа бруто- плата сoгласно со Законот за исплата на платите во Р.С. Македонија, Општиот колективен договор за јавниот сектор на Р.С. Македонија и Правилникот за платите, надоместоците на платите и другите примања на вработените во Општина Делчево кои немаат статус на административни службеници.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Бр. 09-663/1**
**14.03.2025**
**Делчево**

**Совет на Општина Делчево**
**Претседател**
**Гоце Попов**